MKD BASKETBALL OFFICIALS

ОД: СУДИСКА КОМИСИЈА ПРИ МАКЕДОНСКАТА КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА

ДО: СИТЕ СПОРТСКИ РЕДАКЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА

ПРЕДМЕТ: **СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА**

Судиската комисија при Кошаркарската федерација на Северна Македонија ја информира јавноста дека согласно Пропозициите за натпреварување и актите на Федерацијата, сите клубови имаат на располагање јасно утврдени институционални механизми преку кои можат да ги изразат своите евентуални забелешки во врска со судењето на натпреварите, и тоа:

– поднесување формална жалба

– доставување конкретни спорни ситуации

– барање за анализа на видео-снимка од натпревар

Преку овие процедури, надлежните комисии и стручни тела на Федерацијата можат објективно и професионално да ги разгледаат сите ситуации и да донесат соодветни одлуки доколку навистина постојат судиски грешки со влијание на резултатот.

Воедно, Судиската комисија потсетува дека работата на судиите континуирано се следи и оценува преку извештаи од контролори, видео-анализи и интерни стручни процедури, со цел постојано унапредување на квалитетот на судењето и зачувување на регуларноста на натпреварувањата.

Јавно посочување службени лица со име и презиме и барања за нивно изземање е во спротивност на Пропозициите и останатите акти на Федерацијата.

Судиската комисија останува посветена на професионален и објективен пристап во оценувањето на судиите и ги повикува сите клубови своите забелешки да ги доставуваат преку предвидените институционални канали, со што ќе се овозможи нивно стручно и непристрасно разгледување.

Скопје, 16.3.2026

Судиска комисија при КФСМ

FIBA

**Ул. „Дебарца“ Бр. 28, 1000 Скопје** Р.С. Македонија +389 2 2464988
sudiska@basketball.org.mk